ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УСТАВНИОТ СУД

Февруари 2021

Април 2021

Kingdom of the Netherlands

Институт за човекови права



Проект:

„Уставниот суд - заштитник на владеењето на правото“

Спроведувач:

Институт за човекови права

Проектот „Уставниот суд – заштитник на владеењето на правото“ е поддржан од Кралството Холандија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторот и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

I.

АНАЛИЗА НА ПОСТАПКИТЕ И ДОНЕСЕНИТЕ ОДЛУКИ НА УС

СЕДНИЦИ

Во периодот од 1 февруари до 30 април 2021 година Уставниот суд на РСМ одржал вкупно 9 седници. Деветтата седница на Судот, одржана на 25.3.2021 година е прекината, а продолжението на истата се одржа на 15.4.2021 година.

ПРЕДМЕТИ

При разгледувањето на сработените предмети на Уставниот суд, во периодов на известување, согледуваме дека во работа имал вкупно 57 предмети, од кои **51 иницијатива**[1] за поведување постапка за оценување на уставноста на закон или уставноста и законитоста на друг пропис и **5 барања** за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот. Кај 5 предмети одлучувањето било одложено. Сите иницијативи се поднесени од други подносители, а **ниту една** постапка за оценување на уставноста и законитоста **не е започната по иницијатива на судот**. Дополнително, Судот не расправал по **ниту еден** предлог за решавање на судир на надлежности.



1 Седум предмети од наведените 51 инцијатива, разгледувани на седниците, се однесуваат на нацрт-одлуки за одлучување.

РЕШЕНИЈА

Судот, кога одлучува по иницијативи за оценување на уставноста и законитоста и по барања за слободи и права, со донесување решение, може да поведе или да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста, односно со решение може да ја отфрли иницијативата или барањето. **Вкупниот број донесени решенија** од Судот изнесува **46**, од кои **3 се решенија за поведување** постапка и **20 решенија за неповедување** постапка за оценување на уставноста и законитоста. Во **19 предмети** се донесени решенија за отфрлање на иницијативите, додека во **4 предмети** се отфрлени барањата за слободи и права.[2]



Анализа на причините за отфрлање на иницијативите, предлозите и барањата

Уставниот суд со решенија отфрлил вкупно 23 предмети, од кои 19 се иницијативи за оценување на уставноста и законитоста и 4 се барања за заштита на слободите и правата. Согласно со член 28 од Деловникот на Уставниот суд, иницијативите се отфрлаат по три основи (Судот не е надлежен да одлучува, ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување, како и доколку постојат други процесни пречки). Барањата се отфрлаат врз основа на критериумите за дозволеност (admissibility criteria) наведени во член 51 и 52 од Деловникот на Судот.

Иницијативи

Согласно со наведениот член 28, Судот отфрлил 8 иницијативи врз основа на тоа што сметал дека не е надлежен да постапува по нив, 6 иницијативи отфрлил врз основа на тоа дека за истата работа веќе одлучувал, а немало основи за поинакво одлучување (Res judicata) и 9 иницијативи се отфрлени од други процесни причини.[3]

Под основот **„други процесни причини“** попрецизно ги утврдивме следниве причини за отфрлањето:

- Оспорените акти немаат карактер на пропис (отфрлена е 1 иницијатива);

2 Напомена - еден предмет може во себе да содржи и до 3 решенија, односно решение за неповедување, за отфрлање и за поведување постапка.

3 Напомена - Еден предмет може да биде отфрлен по повеќе од една основа, наведени во член 28 од Деловникот на судот.

- Оспорените акти повеќе не се дел од правниот поредок (отфрлени се 6 иницијативи);
- Не се дадени аргументи за неуставност на оспорената одредба. (отфрлени се 2 иницијативи).

ОТФРЛАЊЕ ИНИЦИЈАТИВИ



Барања

Уставниот суд отфрлил вкупно 4 барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, од кои 3 се отфрлени врз основа на тоа што не се исполнети процесните претпоставки од член 51 од Деловникот, односно во две барања **не е запазен субјективниот рок од 2 месеци за поднесување на барањето**, додека третото **барање е поднесено од правно лице што е во спротивност со член 51**, според кој само физичко лице, односно граѓанин може да поднесе барање за заштита на слободите и правата. Во однос на правото правните лица да можат да поднесуваат барања за заштита на слободи и права, поголемиот дел од уставните судии, преку мислењата изнесени на седницата на која е расправано по соодветно барање, сметаат дека оваа одредба треба да се промени во насока на тоа да им се овозможи и правните лица да бидат подносители, наведувајќи ја Република Словенија и нејзиниот Уставен суд како компаративен пример за тоа. Последното барање е отфрлено, согласно со член 52, односно со **постоењето процесни пречки за Судот да може да се впушти во мериторно одлучување** по барањето. Во образложението стои дека во конкретниот случај барањето по својата суштина претставува барање за преиспитување на конкретни судски одлуки, од аспект на утврдена фактичка состојба, и примената на материјалното и процесното право, т.е инстанционо постапување, што е надвор од надлежностите на Уставниот суд.

ОТФРЛЕНИ БАРАЊА



ЗАПИРАЊЕ ПОСТАПКА И ИЗВРШУВАЊЕ

Во периодов на известување Уставниот суд нема донесено решение за запирање постапка, ниту решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејство донесени врз основа на закон.

ОДЛУКИ

Уставниот суд, кога мериторно одлучува по иницијатива, може да донесе одлука за поништување (ex tunc) или за укинување (ex nunc), доколку најде дека законот или негова одредба се спротивни на Уставот или на подзаконскиот општ акт или негова одредба, со Уставот или законот. Судот пак, кога мериторно одлучува по барање за заштита на права и слобода, може да донесе одлука за одбивање или уважување на барањето и кога одлучува по предлог за судир на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт и донесува одлука за утврдување на надлежност.

Во периодов на известување од Судот се донесени вкупно **6 одлуки и сите се укинувачки во постапка за оценување на уставноста и законитоста**.

Постапка за уставност и законитост

На Петтата седница, по предметот У.бр.13/2020 Судот донел одлука со која се укинува член 143, став 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и го ставил вон сила Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија преземени врз основа на наведените одредби од Законот.

На Шестата седница Судот донел укинувачки одлуки по три предмети:

1. У.бр.15/2020 – Судот го укинал член 65 – а, став 3 од Законот за градење.4 Во однос на овој предмет претседателот на Уставниот суд Сали Мурати и судијата Насер Ајдари издвоиле мислење.[5]

4 Судот оценил дека со предвидување казна и одговорност на подносителот на тужбеното барање, доколку не успее во судскиот спор, се повредува уставно гарантираното право на судска заштита, а со тоа и владеење на правото како темелна вредност на уставниот поредок.

5 Линк од издвоеното мислење *http://ustavensud.mk/?p=20761*

2. У.бр.29/2020 - Судот ги укинал член 247 став 2 и член 254 став 2 од Законот за семејството.[6]

3. У.бр.179/2020 – Судот ги укинал член 9 и 10 од Правилникот за начинот на службено оценување на активниот воен персонал, активниот резервен персонал и за офицерите, односно подофицерите и војниците во резервниот состав на Армијата на Република Македонија, начинот на водење на евиденцијата потребна за службено оценување и видовите на обрасците на оценувачкиот лист („Службен весник на Република Македонија“ бр.170/2011), бр.01-5880/2 од 18.11.2011 година, донесен од министерот за одбрана.

На Седмата седница, по предметот У.бр.273/2020, Судот донел одлука со која се укинува Одлуката за начинот на применување на деталните урбанистички планови, бр.08-1859/2 од 27.3.2019 година, донесена од Советот на Општина Центар и го ставил вон сила Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на актот.

На продолжената Деветта седница Судот донел одлука по предметот У.бр.22/2019 со која се укинува член 96, став 3, точка 2 од Законот за комплементарна и алтернативна медицина.[7] Во однос на овој предмет судиите Добрила Кацарска, д-р Осман Кадриу и Насер Ајдари издвоиле мислење.[8]

Постапка за заштита на слободи и права

Судот, кога се впушта да одлучува по основаноста на барањата за слободи и права, донесува два вида одлуки со кои се одбива барањето на жалителот, бидејќи не е најдена повреда на слободите и правата, или се уважува барањето и се утврдува повреда на слободите и правата.

Во извештајниов период, Судот нема донесено одлука со која се уважува или одбива барање за заштита на слободи и права, но во единствениот предмет кој мериторно се одлучувал пред овој суд, донесена е одлука да одржи јавна расправа. Одлуката за одржување јавна расправа, согласно со член 55 од Деловникот, треба да преставува правило при носењето одлуки по барање, но практиката вели дека одржувањето јавна расправа речиси секогаш преставувало исклучок.

6 Оспорените одредби од Законот за семејството, во делот на постапките во брачните спорови, упатуваат на примена на одредби од Законот за парничната постапка коишто не постојат во правниот поредок, а тоа доведува до правна несигурност, нејаснотии и забуна во практикувањето на правото на субјектите што се засегнати со конкретната правна проблематика.

7 Судот оценил дека оспорената одредба на член 96, став 3, точка 2 од Законот за комплементарна и алтернативна медицина не била доволно прецизна и јасна и не обезбедувала правна сигурност на граѓаните, поради што се поставило прашањето за нејзината согласност со член 8, став 1, алинеја 1, 3 и 4 од Уставот.

8 Линк до издвоенто мислење *http://ustavensud.mk/?p=20807*

ОДЛУКИ



ЈАВНА РАСПРАВА И ПОДГОТВИТЕЛНА СЕДНИЦА

Покрај редовните седници, Судот може, согласно со член 29 од Деловникот, заради разјаснување на фактичката и правната состојба, по одделни предмети, во секоја фаза од постапката, да одлучи дали да одржи подготвителна седница. Од друга страна пак, согласно со член 55, кога одлучува за заштита на слободите и правата, по правило тоа треба да го прави врз основа на одржана јавна расправа.

Врз основа на наведеново, Судот расправал по вкупно 5 барања за слободи и права, од кои 4 се отфрлени, додека по предметот У.бр.171/2020[9], **Уставниот суд одлучил да одржи јавна расправа** (закажана за 20 мај 2021г), со што ја прекинал долгогодишната практика на неодржување јавни расправи. Исто така, одржана е **една подготвителна седница**, што преставува продолжување на оваа, од неодамна востановена, практика на Судот.

Подготвителна седница е одржана на 18 март 2021 година и на неа биле разгледани следниве два предмети:

1. Указ за прогласување на Законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817(1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на ОН за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување стратешко партнерство меѓу страните и Законот за ратификација на Конечната спогодба за решавање на разликите, опишани во резолуциите 817(1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на ОН, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување стратешко партнерство меѓу страните; и
2. Указ за прогласување на Законот за употреба на јазиците и Законот за употреба на јазиците.

9 Забрана на дискриминација по основ на политичка припадност

ИЗВРШУВАЊЕ

Во практика, следењето на извршувањето на одлуките на Судот се остварува на тој начин што секој што има правен интерес за извршување одредена одлука, доставува поднесок со кој го известува Судот дека неговата одлука не е извршена. Доколку поднесокот е уреден, се оформува предмет со назнака „И“ во рамки на кој секретарот на Судот ќе побара потребно известување од доносителот на актот или од друг субјект за извршувањето на одлуката. Во случај да не добие известување за извршувањето на одлуката, секретарот на Судот, согласно со член 87 од Деловникот, ќе побара од Владата на РСМ да го обезбеди нејзиното извршување.

ПРОСЕЧНО ТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ

Просечното траење на постапките (од поднесување на иницијативата, барањето, предлогот, до окончувањето на постапката), за предмети за кои се донесени конечни акти на Уставниот суд, во периодов на известување, а сметано од денот кога биле поднесени, (независно од почетокот на проектов), изнесува, во **просек, 9 месеци**. Најкраткото времетраење на изработката на предмет изнесува 1 месец, додека најдолгото - 29 месеци.

Збир на месеци за завршените предмети	388 /
Вкупен број завршени предмети	42[10] =
Средна вредност, изразена во месеци	**9,2 месеци**

II.

АНАЛИЗА НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА НА УСТАВНИОТ СУД

На веб страната на Уставниот суд се направени вкупно **73 објави**, од кои **59 се соопштенија за неговата работата на седниците**, **11 се известувања** за одржани состаноци, настани, работни средби и друго, **2 објави** се однесуваат на **годишниот извештај и завршната сметка**, а има и **1 оглас за вработување.**

Содржина на објавите:

- Соопштенија за дневен ред;
- Соопштенија од одржани седници;
- Соопштенија од одложени седници;

10 Предметите во кои ќе се утврди дека повеќе учесници/подносители, со посебни иницијативи, барале да се оцени уставноста и законитоста на исти одредби од ист закон, друг пропис или општ акт, се здружуваат со првоподнесената, за сите се води единствена постапка и се донесува една одлука. Од тие причини не се совпаѓа бројот на одлучени предмети со бројот на поднесени предмети.

- Соопштенија за одржување подготвителни седници;
- Соопштение за одржување јавна расправа;
- Соопштенија за одржани семинари и конференции;
- Известувања за работата на претседателот на судот и судиите (работни средби на претседателот на судот со министерот за правда и заменик министерот, со претседателот на Републиката и Владата на РСМ, излагања на претседателот, учество на конгрес на европските уставни судови на претседателот, билатерални средби со амбасадори на повеќе земји, состаноци, учество на форуми и интервјуа);
- Соопштенија за работата на судот, од интерес за јавноста;
- Пријава за вработување.
- Преглед на завршна сметка.
- Преглед на работата на Уставниот суд на Република Северна Македонија, за 2020 година.

Уставниот суд, во периодов на известувањето, не одржал ниту една конференција за медиумите, поради состојбата со пандемијата во РСМ, но бил во постојана комуникација со истите, информирајќи ги за тековното работење. Дополнително, издадена е Монографија на Уставниот суд на РСМ.

Во периодов на известување до судот биле упатени **5 барања за пристап до информации од јавен карактер**

Судот има добро уредена интернет (веб) страница, која редовно се ажурира.

III.

АНАЛИЗА НА НАЧИНОТ НА НОМИНИРАЊЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА УС (ГЕНЕРАЛНАТА КЛАУЗУЛА „ИСТАКНАТ ПРАВНИК“ ВО ПРАКТИКАТА) И ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ И ПОСТИГНУВАЊА НА ПОСТОЈНИТЕ СУДИИ НА УС

ИЗБОР НА НОВИ СУДИИ

Во периодов на известување Судот работел во полн состав и нема упразнето место на судија поради истекување на мандат, но постапка за избор на нов судија би требало да е започната за тројца судии чии мандати истекуваат на 31.5.2022 година.

ПОСТОЈНИ СУДИИ

При разгледувањето на работата на постојните судии, со цел да се утврдат нивните постигнувања, предмет на опсервација биле три сегменти од нивната работата: ***бројот на предмети во кои биле судии-известители, бројот на издвоени мислења и резимето на најзначајните премети*** кои им биле доделени како на судија-известител.

Бројот на предмети во кои секој судија, во извештајниов период, поединечно бил **судија-известител**, варира од 5 до 8. Овде е потребно да се наведе дека претседателот на Судот-Сали Мурати, не се јавува во улога на судија-известител, поради тоа што ја извршува функцијата претседател на Судот.

СУДИЈА – ИЗВЕСТИТЕЛ ВО ПРЕДМЕТИ



Во извештајниов период, вкупниот број на **издвоени мислења** изнесува 7, од кои 4 се индивидуални издвоени мислења на тројца судии, а три издвоени мислења се заеднички на повеќе судии. Вкупниот број издвоени мислења, во 2021 година, изнесува 8, заклучно со месец април 2021 г.

Судијата Сали Мурати издвоил 2 индивидуални и 2 заеднички издвоени мислења по предметите У.бр.15/2020[11] (февруари); У.бр.164/2019[12] (февруари); У.бр.247/2020[13] (април); У.бр.284/2020[14] (април).

11 Одлука со која се укинува член 65-а, став 3 од Законот за градење; *http://ustavensud.mk/?p=20759*

12 Решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини; *http://ustavensud.mk/?p=20711*

13 Решение за поведување постапка за оценување на уставноста на член 163, став 3 од Законот за банките. *http://ustavensud.mk/?p=20828*

14 Решение за неповедување постапка за оценка на уставноста и законитоста на член 73, став 4 во делот „Зголемувањето на платата може да се замени со слободни денови“, од Колективниот договор на Министерството за одбрана. *http://ustavensud.mk/?p=20870*

Судијата Насер Ајдари издвоил 3 заеднички издвоени мислења по предметите У.бр.15/2020 (февруари) У.бр.22/2019[15] (април) и У.бр.247/2020 (април).

Судијата Осман Кадриу издвоил 2 заеднички издвоени мислења по предметите У.бр.22/2019 (април) и У.бр.247/2020 (април).

Судијата Дарко Костадиновски издвоил 2 индивидуални издвоени мислења по предметите У.бр.1/2020[16] (февруари) и У.бр.299/2020[17] (февруари).

Судијата Добрила Кацарска издвоила 2 заеднички издвоени мислења по предметите У.бр.22/2019 (април) и У.бр.247/2020 (април).

Судијата Вангелина Маркудова издвоила 1 заедничко издвоено мислење по предметот У.бр.247/2020 (април).

Издвоените мислења на уставните судиите се објавуваат во Службен весник, заедно со одлуките по предметите за кои издвоиле мислење.

ИЗДВОЕНИ МИСЛЕЊА 01.02 – 30.04.2021



Од најзначајните предмети за кои Судот расправал во извештајниов период, ги издвоивме следните 6 предмети.

Предмет 1

Седница: 5 и 6-та седница

Предмет: У.бр.299/2020 ***http://ustavensud.mk/?p=20625*** Иницијатива

Статус: Решен

Судија-известител: Јован Јосифовски и на двете седници детално и опширно го образложи рефератот.

15 Одлика за укинување на член 96, став 3, точка 2 од Законот за комплементарна и алтернативна медицина *http://ustavensud.mk/?p=20807*

16 Решение со кое Уставниот суд одлучи да ја отфрли иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката број 0202-913/2 од 11.12.2017 година, донесена од Јавното претпријатие за комунална дејност „Маврово" од Маврови Анови. *http://ustavensud.mk/?p=20620*

17 Решение за неповедување постапка за оценка на уставноста на член 163, став 3 од Законот за банки *http://ustavensud.mk/?p=20627*

Оспорен акт: Член 163 став 3 од Законот за банки (поврзан со пропаднати депозити со ликвидацијата на ЕУРОСТАНДАРД Банка)

Предлог во рефератот: Судијата известител во поднесениот реферат имал предлог за решавање на предметот на два начина:

- Да се поведе постапка и да се определи времена мерка; и
- Да не се поведе постапка.

Одлука: НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценка на уставноста на член 163, став 3 од Законот за банки

Резиме на предметот: Согласно со иницијативата, член 163 од Законот содржи одредби со кои се регулира утврдување на побарувањата, исплатата на доверителите и издвојување на средства за трошоците на стечајната постапка. Оспорената одредба од став 3, на член 163 од Законот за банки предвидува дека побарувањата на Фондот за осигурување на депозити, по основ на исплати на осигурени депозити, се исплаќаат пред побарувањата на останатите доверители. Оваа одредба од Законот создава нееднаквост и дискриминација на доверителите во стечајната постапка на банката, затоа што го фаворизира побарувањето на Фондот, наспроти сите други доверители.

Образложение: Фондот е државна сопственост, гарантира покривање на одредено осигурено ниво на наплата на депозити на физички лица во банките на територија на Република Северна Македонија, неговата финансиска одржливост е неопходна за целокупниот банкарски сектор во државава, не е основан за еднократна цел, па оттука и неговата уставно-правна опсервација се гледа како специфична осигурителна финансиска институција која на определен начин заштитува стабилност, општо на банкарскиот систем, како јавен интерес. Оттука, според Судот, оспорената одредба од Законот не можела уставно-правно да се проблематизира како несогласна со одредбите од Уставот, на кои се повикува подносителот во иницијативата.

Предмет 2

Седница: 6-та седница

Предмет: У.бр.106/2018 ***http://ustavensud.mk/?p=20631*** Иницијатива

Статус: Решен

Судија-известител: Елена Гошева детално на седницата го образложи рефератот

Оспорен акт: Член 353, став 5 од Кривичниот законик (Оспорената одредба е основот за обвиненијата на најголем дел од обвинетите од Специјалното јавно обвинителство (СЈО)).

Предлог во рефератот: Поднесениот реферат е дијаметрално спротивен по одржувањето на подготвителната седница, со предлог – за поведување постапка, но без да се донесува времена мерка.

Одлука: НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценка на уставноста на член 353, став 5 од Кривичниот законик.

Резиме на предметот: Член 353 од Кривичниот законик се однесува на кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“. Поспецификично, став 5 од овој член ја регулира злоупотребата на службената положба и овластување при вршење јавни набавки или при штета на средствата од Буџетот.

Образложение: Во оспорената одредба на став 5 од член 353 од Кривичниот законик несомнено се содржани основните елементи на кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување (сторителот на делото, дејствието на извршување, последицата и казната), поради што Судот оценил дека не може да се постави прашањето за нејзината согласност со член 8, став 1, алинеја 3 и член 14, став 1 од Уставот на Република Северна Македонија.

Предмет 3

Седница: 7-та седница

Предмет: У.бр.165/2019 ***http://ustavensud.mk/?p=20660*** Иницијатива

Статус: Решен

Судија известител: Никола Ивановски само го прочита рефератот, притоа не доволно јасно за јавноста ги образложи причините за предлогот.

Оспорен акт: Член 13 во делот: „на маж и жена“ и член 100-а, став 5, алинеја 7 од Законот за семејството.

Предлог во рефератот: : Да не се поведе постапка за оценување на уставноста на одредбите.

Одлука: НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 13, во делот: „на маж и жена” и член 100-а, став 5, алинеја 7 од Законот за семејството.

Резиме на предметот: Иницијаторот го оспорува член 13 во делот на правата од вонбрачна заедница (правата на меѓусебно издржување и на заеднички имот стекнат за време на траењето на таа заедница) кои повторно се резервирани како во брачната, само за заедница на маж и жена.

„Член 13 од Законот за семејството несомнено ја дефинира вонбрачната заедница исклучиво како (фактичка) заедница на маж и жена и ги резервира правата на меѓусебно издржување и на заеднички имот стекнат за време на траењето на таа заедница, исто како лицата што се во брак. Следствено, лицата (парови) од ист пол кои исто така како и лицата од различен пол живеат подолго од една година во (фактичка) заедница, што не е брак, автоматски се исклучени од овие права врз основа на нивната сексуална ориентација.“

Став 5, заедно со оспорената алинеја, и став 6 на член 100-а од Законот се внесени како нови ставови со Законот за изменување и дополнување на Законот за семејството, од 2010 година (Сл. весник бр.67/2010). Дотогаш, брачниот статус не бил автоматска предност при поединечното посвојување, така што лицата што живеат во хомосексуална партнерска заедница, барем нормативно, не биле третирани на нееднаков начин.

Оспорената одредба од член 100-а, став 5, алинеја 7, меѓутоа, го поставува брачниот статус како еден од критериумите за донесување одлука за поединечно посвојување, во конкуренција на повеќе барателi, со што суштински ги става хомосексуалните лица што живеат во заедница со истополов/а партнер/ка, во понеповолна положба, поради нивната сексуална ориентација.

Образложение: Во член 13 имало само изедначување на брачната со вонбрачната заедница (заедница исклучиво на маж и жена), како таква одредбата не е неуставна, ако не е предвидена и различна заедница од наведената. Односно, законодавецот така одлучил и на негов товар е уредувањето на оваа материја, а Уставниот суд не бил надлежен да креира одредби, бидејќи тоа го прави Собранието.

Одредбата од член 100-а, алинеја 5, е јасна и прецизна и на иницијаторот очигледно не му сметал критериумот брачен статус, туку барал проширување и на другите заедници. За ова прашање е надлежно Собранието на РСМ, а не Уставниот суд.

Предмет 4

Седница: 7-та седница

Предмет: У.бр.273/2020 ***http://ustavensud.mk/?p=20637*** Иницијатива (одлучен)

Статус: Одлучен

Судија-известител: Вангелина Маркудова, на седницата предметот е ставен како нацрт-одлука, притоа не е кажано што содржи истата, па за јавноста остана нејасно за кој поточно предмет се работи, бидејќи е прочитан само бројот на предметот.

Оспорен акт: Одлуката за начинот на применување на деталните урбанистички планови, бр.08-1859/2 од 27.3.2019 година, донесена од Советот на Општина Центар.

Предлог во Нацрт-Одлука: ?

Одлука: СЕ УКИНУВА Одлуката за начинот на применување на деталните урбанистички планови, бр.08-1859/2 од 27.3.2019 година, донесена од Советот на Општина Центар и СЕ СТАВА ВОН СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на актот.

Резиме на предметот: По овој предмет Судот веќе имал расправано и донесено Одлука за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката и Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на актот од 16.12.2020 година.

Како што известивме тогаш, расправата по овој предмет не траеше долго, судијата оскудно образложи дека со оспорената одредба Општина Центар ги доведува во нееднаква положба граѓаните на Општината со граѓаните во другите општини во РСМ.

Образложение: Судот оценил дека оспорената одлука не е во согласност и со повеќе одредби од Законот за локалната самоуправа, како и со одредбите на поранешниот Закон за просторно и урбанистичко планирање, од причина што во законите на кои се повикува Советот на Општина Центар, како доносител на оспорената одлука, во нејзиниот правен основ за донесување, **никаде не е законски уредена надлежноста советите на општините да можат, со своја одлука, да го запрат спроведувањето на деталните урбанистички планови** коишто ги донеле во законска постапка и кои, до донесувањето на оспорената одлука, се спроведувале.

Со оспорената одлука Советот на Општина Центар **сериозно ја нарушил еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите**, бидејќи со оспорената одлука ги ставил граѓаните во нееднаква правна положба, на начин што со својата одлука не дозволил едни граѓани да ги остварат своите права и правни интереси, за разлика од останатите на кои тоа им било овозможено според член 2 од оспорената одлука, повредувајќи го на тој начин член 9, став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Предмет 5

Седница: 9-та седница

Предмет: У.бр.247/2020 ***http://ustavensud.mk/?p=20827*** Иницијатива

Статус: Решен

Судија-известител: Јован Јосифовски, се јавува како судија известител и во предметот У.бр.299/2020, кој има иста оспорена одредба како и соодвтениов предмет, веќе расправан и одлучен на 6-та седница одржана на 24.2.2021година, да не поведе постапка по предметот.

По краткото и јасно излагање на судијата-известител Јосифовски, дека иако не се согласува со претходно донесената одлука, сепак таа го обврзува да предложи отфрлање на конкретниот предмет, согласно со член 28, став 2 - Res Judicata од Деловникот, нагласувајќи дека обврзувачката одлуката е донесена пред две недели, од постојната судска формација.

Оспорени акт: Член 163, став 3 од Законот за банки

Предлог во рефератот: Првичен предлог пред расправата, да се отфрли предметот, согласно со член 28, став 2 Res Judicata. Промена на предлогот по расправата, да се поведе постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба.

Одлука: СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 163, став 3 од Законот за банките.

Резиме на предметот: Од процедурален аспект нејасни се три работи:

1. Како и зашто како прв бил расправан и одлучуван предмет кој има подоцнежен реден број од првоподнесениот, кога оспорената одредба и во двата предмети е иста.

2. Дополнително, не е јасно зашто предметите не се споени во еден, согласно со член 21 од Деловникот. Имено, предметите за кои ќе се утврди дека повеќе учесници/подносители, со посебни иницијативи, барале да се оцени уставноста и законитоста на исти одредби од ист закон, друг пропис или општ акт, сите иницијативи се здружуваат со првоподнесената, за сите се води единствена постапка и се донесува една одлука.

3. Согласно со член 28, став 2, Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата, ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување.

Во конкретниот предмет, предлог-одлуката на судијата известител е да се отфрли иницијативата.

Нејасно е како двапати по ред известител е истиот судија во иницијативи со иста оспорена одредба, кои не се споени во еден предмет. Се поставува прашањето како се распределуваат предметите во Судот и кој е одговорен за неспојувањето на предметите.

Сето наведено е важно од причина што за помалку од две недели, по одржаната расправа, се донесува одлука за поведување постапка, која дијаметрално е спротивна на прводонесената.

Образложение: Во нашиот правен поредок со закон е основан Фонд за осигурување на депозити, со ниво на покритие до 30 000 евра, само за физички лица, за потоа, по сила на закон тој фонд да има статус на приоритетен побарувач на исплатените финансиски средства во случај на банка во стечај, со што се поставува прашање за дискриминирање на правните лица во редоследот, како депоненти во однос на неизвесното покривање на нивните депозити од стечајната маса од банката во стечај која финансиски ќе се намали поради исплаќањето на Фондот како приоритетен побарувач. Таквата законска поставеност на Фондот ги доведува во неповолна положба сите останати депоненти кои своите парични побарувања во стечајната постапка во банката многу потешко ќе ги реализираат, поради намалување на стечајната маса на банката, во услови на приоритетно исплаќање на Фондот, а со тоа на субјектите им се повредува располагањето, користењето и управувањето со финансиските средства кои се во нивна сопственост, што ја доведува во прашање согласноста со наведените одредби од Уставот.

Предмет 6

Седница: 9-та седница

Предмет: У.бр.137/2019 Иницијатива

Статус: Решен

Судија-известител: Дарко Костадиновски јасно го образложи рефератот, нагласувајќи дека пред Судот е да донесе тешка одлука.

Оспорен акт: Член 96, став 4 од Законот за Судскиот совет на Република Македониј и член 72, став 3, во делот: „ценејќи ја законитоста на постапката“ и став 4, во делот: „во случај на груба повреда од одредбите за постапката“.

Предлог во рефератот: Да не се поведе постапка по член 96, став 4 и да се поведе по член 72, став 3 и 4.

Одлука: НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 72, став 3, во делот: „ценејќи ја законитоста на постапката“ и став 4, во делот: „во случај на груба повреда од одредбите за постапката“, од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија. СЕ ОТФРЛА иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 96, став 4 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

Резиме на предметот: Судијата-известител смета дека е ограничено правото на жалба и дека не се однесува на основаноста, туку само на делот на законитоста на постапката и само во случај на груба повреда од одредбите за постапката.

Поради тоа смета дека ограничувањето на правото на жалба на разрешен судија не е во насока на независно судство.

Предмет 7

Седница: 7 и 9-та седница

Предмет: У.бр.171/2020 Барање

Статус: Во работа - Закажана е јавна расправа

Судија-известител: Добрила Кацарска, предметот најпрво е расправан на 7-та седницата на Судот, за да на истата биде одложен и повторно разгледан на 9-та седница.

Судијата-известител на двете седници јасно за јавноста го образложи барањето на подносителот и предлог одлуката.

Основ на Барањето: Одлуки на Основниот суд Кичево и Апелациискиот суд во Гостивар и Одлуката на Собрание со која бил разрешен целиот состав на Државната комисија за одлучување, во управна постапка и во постапка од работен однос, во втор степен, со кои се врши дискриминација врз политичка припадност:

Предлог: Да се одбие барањето на подносителот, затоа што не е најдена дискриминација

Одлука: Уставниот суд одлучи да одржи јавна расправа.

Резиме на предметот: Основ на барањето е одлука на Основен суд Кучево и одлуката на Собрание.

Подносителот Влатко Сајковски е член на Државната комисија за одлучување во управна постапка и во постапка од работен однос, во втор степен (Комисија), во 2017 година е разрешена целата Комисија поради тоа што немале резултати во работењето, а претседателот (подносител на барањето) бил на чело на Комисијата само 52 дена.

Подносителот, до Основниот суд Кичево, поднел тужба, судот го одбил тужбеното барање, последователно Апелација Гостивар ја одбива жалбата на подносителот како неоснована.

Пред Уставниот суд е поднесено барање за слободи и права од дискриминација врз основа на политичка припадност.

Подносителот не се обратил до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), ниту до други институции што се надлежни за постапување во случаи на дискриминација.

Во предметот не може да стане збор за дискриминација, бидејќи се разрешени сите членови на Комисијата. Причината за разрешувањето била неажурност на целата комисија, од таа причина нема прекршување на еднаков третман, согласно со член 6 и 3 од Законот за дискриминација.

Предлог да се одбие барањето, поткрепено со судска практика од 2004, 2006, 2007 година.

Предмет 8

Седница: 11-та седница

Предмет: У.бр.233/2020 ***http://ustavensud.mk/?p=21014*** Иницијатива

Статус: Решен

Судија-известител: Осман Кадриу јасно и прецизно за јавноста го образложи рефератот.

Оспорен акт: Член 6, ставови 2 и 3, член 7, став 1, член 8, став 3, член 100, став 6, во делот: „и усвојување“ и став 8 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија.

Предлог во рефератот: Да не се поведе постапка за оценување на Уставноста на одредбите.

Одлука: СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 8, став 3, во делот: „ кои се избрани од страна на Собранието на Република Северна Македонија“, од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија и НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 6, став 2 и 3, член 7, став 1, член 8, став 3, во делот: „Претседателот на Советот и неговиот заменик се избираат од редот на членовите на Советот со право на глас,“ член 100, став 6, во делот: „и усвојување“ и став 8 од Законот означен во точката 2 од предлогот.

Резиме на предметот: Судијата-известител истакна дека го променил предлогот во рефератот, бидејќи го немал предвид мислењето на Венецијанската комисија. Од тие причини предметот бил одложен.

Во однос на дилемата што ја имал за член 8, став 3, (избор на претседател на Судскиот совет), се цени мислењето на Венецијанската комисија и правната еволуција на функцијата претседател.

Затоа, со реформите во правосудството, од функцијата претседател на Судскиот совет пред се‘ се исклучуваат министерот за правда и претседателот на Врховниот суд, како членови по функција.

Следната фаза од реформите се одземањето на правото на глас на министерот за правда и претседателот на Врховниот суд, како членови по функција.

Трета фаза од реформите, изборот на претседател на судскиот совет да се врши само од членовите кои се избрани од Собранието (целта на ова ограничување е да се обезбеди правичност).

Член на Судски совет е истакнат правник, па оттаму не треба да се грижиме за тоа дека судиите се девалвирани со ова ограничување.

IV.

ЗАКЛУЧОК

Ако се имаат предвид сите околности во кои работи Уставниот суд, во однос на должината на постапките од поднесување на иницијативите, барањата, предлозите, до окончувањето на истите за предмети за кои се донесени конечни акти од Судот во периодов на известување, а сметано од денот кога биле поднесени, сметаме дека периодот од 9 месеци просечно траење на постапките преставува генерално разумен рок на постапување, односно дека постои генерална ефикасност на Судот во работењето. Секако, анализирајќи ги поединечно случаите, може да се увиди дека најдолгото работење по предмет траело дури 29 месеци, додека пак најкраткиот рок во кој е одлучен предмет изнесува 1 месец. Долгото траење на одредени постапки е индиција за недоволна ефикасност на Судот во работењето, кога одлучува по нив. Причините за бавноста при одлучувањето во тие предмети ќе бидат изложени во Длабинската анализа.

Инаку, бројката од вкупно 57 предмети во работа, за период од февруари до април 2021 година, не укажува на постоење преоптовареност на Судот со работа.

Позитивна тенденција во работата на Судот е прикаската за одржување подготвителни седници, а дополнително радува фактот дека по долг период Судот ја исполнува својата деловничка обврска од член 55, по правило да одржува јавна расправа кога одлучува по барање за права и слободи, распавата е закажана за месец мај.

ИНСТИТУТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Киро Крстевски Платник 11-2/17
1000 Скопје, Македонија

(+389) 2 3243 331

ihr@ihr.org.mk